Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

Арх. Бр./Nr.Arh.
Дата/Data:

Врз основа на член 108 став (4) и став (5) од Законот за заштита на природа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21) и член 6, 7 и 9 од Правилникот за содржината на програмата за полагање на стручен испит за чувар во заштитено подрачје и начинот и постапката за полагање на стручниот испит („Службен весник на Република Македонија“ бр.126/10) и член 5 од Деловникот заработа на Комисијата за полагање на стручен испит за чувар во заштитено подрачје заштитен прдел ,, Езерани,, Министерството за животна средина и просторно планирање распишува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ЧУВАР ВО ЗАШТИТЕНО ПОДРАЧЈЕ - ,,ЕЗЕРАНИ,,**

Секој кандидат кој се пријавува на јавен повик за полагање на стручен испит за чувар во заштитено подрачје треба да ги исполнува следните услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да има завршено средно образование;
- со правосилна одлука да не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност, се додека траат последиците од забрана.
- да има општа здравствена способност за работното место

1. Кандидатот кој се пријавува на јавниот повик за полагање на стручен испит за чувар во заштитено подрачје треба да достави пријава која ги содржи следните податоци:
   - име и презиме на кандидатот;
   - датум и место на раѓање на кандидатот;
   - адреса на живеење или престојување на кандидатот;
   - телефон и контакт адреса на електронската пошта на кандидатот;
   - јавна установа или субјект каде кандидатот е вработен;
   - доказ за завршено средно образование;
   - доказ за работно искуство и
   - Решение за назначување за чувар во заштитено подрачје
2. Јавниот повик е со времетраење од 09.01 до 23.01.2024 година

3. Потребните документи се поднесуваат во архивата на Министерство за животна средина и просторно планирање, Плоштад Пресвета Богородица бр.3, кат 2, со назнака на пликот за „За Комисија за полагање на стручен испит за чувар за заштитеното подрачје„.

4. Крајниот рок за пријавување за полагање на испитот е 15 дена.

5. Првиот (теоретски) дел од испитот се закажува на 06 февруари 2024 година (петок) со почеток од 10.00-12.00 часот во просториите на Министерство за животна средина и просторно планирање на 7 кат.

6. Вториот (практичен) дел од испитот се закажува на 06 февруари 2024 година (петок) со почеток од 13.00-14.00 часот во просториите на Министерство за животна средина и просторно планирање на 7 кат.

7. Програмата за полагање на стручниот испит како и сите материјали може да ги најдете на веб страната на Министерството. www.moepp.gov.mk.

Министерство за животна средина
и просторно планирање

Министерство за животна средина и просторно планирање на
Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk